Здружение за интердисциплинарни
истражувања и практики во современата
уметност СТУДИО ПРИВАТЕН ПРИНТ Скопје
- PrivatePrint studio -

МК

24.02.2026 г.

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА 2024 ГОДИНА

PrivatePrint studio официјално е основано во 2018. Неофицијално функционира како уметничко студио од 2015, преку активностите на првиот независен издавач на уметнички книги во Северна Македонија. Главните цели на студиото се основаат на интердисциплинарни истражувања и практика во современата уметност и култура со особен акцент на уметничката книга, графичкиот дизајн и други медиуми на современата уметност видени во поширок социо-културен контекст. Работата на студиото се развива од специфичните потреби на нашиот локален културен систем во смисла на отворање на простор, платформа за подобра видливост и поврзаност на институционално помалку видливите уметници и уметнички практики во локалниот контекст, како и размена на идеи на меѓународно поле.

## Цели на PrivatePrint studio

» Научно-истражувачка цел во врска со поддршка, промоција и имплементација на интердисциплинарни истражувања и практики во современата уметност и култура.
» Афирмирање, проучување и продукција на уметнички книги како современо уметничка практика, во поширок културно-општествен контекст.
» Развој на уметничкото образование во поширок општествен контекст во врска со новите и прогресивни уметнички практики.
» Афирмирање на партиципативен, инклузивен и критички пристап во културно-општествени рамки, со цел развој на активно граѓанство.
» Создавање, промовирање, архивирање, документирање на прогресивни и иновативни уметнички практики и уметничко-културна продукција, како и на помалку застапени современи уметнички практики и теми.
» Подигање на свеста за новите медиуми и форми на израз во современата уметност, на македонската културно-општествена сцена и интернационално.
» Поттикнување на соработка во рамки на независниот културен сектор и меѓу самостојните уметници на домашен и на меѓународен план, како и соработка со државните културни институции на локално и централно ниво.

Активностите на PrivatePrint studio во 2025 г.
беа поддржани од:

C Fonds

Prince Claus Fund *for*
Culture and Development

GOETHE INSTITUT

Erasmus+
Enriching lives, opening minds.

European Union

Република Северна Македонија
**Министерство за култура**

**АКТИВНОСТИ ВО 2025 Г.**

## I. ARTechYOUTH, Erasmus+ Programme, European Union (2024-2025)

ARTechYOUTH Имерзивна уметничка размена - Унапредување на младинските вештини на пресекот меѓу уметноста и техно-логијата е Еразмус+ проект на младинска размена, поддржан од Европската Унија и создаден од Студио Приватен принт од Скопје, Северна Македонија и Иновато од Љубљана, Словенија. ARTechYOUTH примарно цели да создаде богата и повеќеслојна средина за учење и соработка создадена да ги зајакне младите уметници и креативци со дигитални и креативни вештини за преку соработка да создаваат нов уметнички израз на пресекот на уметноста и технологијата.

Во 2025:
Младинска размена, 08 - 16.03.2025, Хостел Целица, Љубљана.






## II. Издавачка практика

A Book of Nine Book книга на Илија Прокопиев и Марија Христова во разговор со Ивана Мирчевска, Ѓорѓи Десподов, Клелија Живковиќ, Јован Јосифовски, Викторија Попоска, Џемилиана Абдулова, Христина Крстеска, Викторија Мачковска и Хана Корнети, Ивана Чалоска и Димитар Самарџиев.

Книгата ја почнува нашата едиција Curatorial Insights и е резултат на тригодишниот проект спроведен од 2021-2023 година поддржан од Фондот Принц Клаус.



## III. Кураторска практика

*A Bright Past Is Ahead of Us*

уметници: Енар де Диос Родригез, Ѓорѓи Десподов, Хајоне Серато, Клелија Живковиќ, Лара Рајхман
куратори: Илија Прокопиев, Марија Христова
Галерија Шкуц, Љубљана, 21.06 - 22.07.2025

Тури на изложбата: 21.06.2025 и 22.07.2025
Уметнички разговор со Енар де Диос Родригез, Хајоне Серато, Џон Халс, Марија Христова и Илија Прокопиев: 23.06.2025












*Salt in the Wound, Gold in the Vault*

уметници: Оскар Куето, Давиде Дегано, Хелена Витман, Хелена Тахир и Ферас паблишинг практисес
куратор: Илија Прокопиев
Различни локации, Копер, 13.11 - 15.12.2025
Проект Untold Europe

Програма на работилници, разговори и интерактивни предавања: 07.11 - 13.11.2025












## IV. Уметнички и кураторски престои 2025

*Four Exercises in Uncertainty–*
*Careful Misreadings of Skopje*
Резидент: Јудит Милц
Период: 05.05-05.05.2025

13-24.05.2025: Четири шетачки работилници
30.05.2025: Изложба
Поддржано од Гете-институт Скопје










## V. VR Studio 2025

„Накосени соништа“ „Накосени соништа“ е виртуелна изложба составена од две интерактивни инсталации: „Од каде што постирам“ на Ѓорѓи Десподов и „Не постојат вистински кратенки“ на Клелија Живковиќ, дизајнирана од Борко Хаџиевски. Куратор на изложбата е Илија Прокопиев. PrivatePrint - VR Studio е колаборативна програма за курирање и дизајнирање виртуелни изложби. Програмата е започната по идеја на архитектот и 3Д-дизајнерот Борко Хаџиевски, еден од основачите на PrivatePrint Studio и наш долгогодишен соработник, кој го изработи виртуелниот модел на нашето студио. VR Studio 2025 е кофинансирано од Министерството за култура на Северна Македонија.



## VI. Презентации/настани/саеми

Саеми 2025:
Miss Read - саем на уметнички книги Берлин, Германија, 13-15.06.2025
Athens Art Book Fair, Атина, Грција, 03-05.10.2025
An Independent Book Fair, Тирана, Албанија, 27-29.11.2025
Фијук саем - саем за независна уметност, 27-28.12.2025

## VII. Комуникација со нашата заедница и кампањи

Активност и заедница на нашите најактивни социјални мрежи и блогот:
53 објави на Facebook \ 46 објави на Instagram
Вкупно следачи на крајот на 2025: 2263 на Facebook \ 2153 на Instagram
Вкупно нови заследувања во 2025: 5 на Facebook \ 222 на Instagram

Во 2025 спроведовме две долгорочни кампањи:
10 години Приватен принт
Friends of PrivatePrint Fund

## VIII. Побитни објави во медиумите

Селекција од објави:
21.06.2025 \ Skuc Gallery - објава за изложбата „A Bright Past Is Ahead of Us“ >> LINK
A Bright Past Is Ahead of Us, словенечки медиуми >> LINK, LINK и LINK
27.07.2025 \ „Culture and politics in the Southern Balkans“, изјава на Марија Христова во радиоприлог на Карстен Пробст, Deutschlandradio, Deutschlandfunk Kultur, емитуван 27 јули 2025
Ноември 2025 \ Објави за изложбата „Salt in the Wound, Gold in the Vault“ >> Untold Europe website, и словенечки медиуми: LINK и LINK









## IX. Заклучок

PrivatePrint Studio во 2025 година имаше особено успешна година на меѓународен план. Реализиравме две големи групни изложби со меѓународни автори во Словенија, A Bright Past Is Ahead of Us (јуни) и Salt in the Wound Gold in the Vault (ноември). Ја продолживме соработката со Гете институтот со уште една успешна резиденција на германската уметница Јудит Милц (мај). Дополнително, развивме два значајни конзорциуми за два проекти што ги аплициравме во рамки на Креативна Европа, Across Elsewheres (аплициран мај 2025, неуспешна апликација) и Interlines - European Voices, Shared Pages, (развиен на крајот на 2025 година).

Повторно бевме поддржани од Министерството за култура во реализација на проектот VR Studio 2025 и оваа година продолживме со развој на интерактивноста на студиото со две инсталации на Клелија Живковиќ и Ѓорѓи Десподов.

Во 2025 година го прославивме 10-годишниот јубилеј на студиото и поставивме нова програма за поддршка, Friends of PrivatePrint Fund. Ги имавме и првите надворешни соработници: Илина Нешиќ, Ѓорѓи Десподов и Клелија Живковиќ.

Развојот на кураторската практика и на програмата на резиденции беше евидентент. За 2026 година, продолжуваме во таа насока, со дополнителен акцент на нашата издавачка и едукативна практика.

## ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ 2025 ГОДИНА

Главните активности на студиото во 2025 година беа поддржани од Европската унија, преку програмара Еразмус+, Министерството за култура на РСМ и Гете институтот Скопје.

| | | |
|---|---|---|
| **Приходи 2025 (ВКУПНО)** | - | **1.275.001,00** |
| ARTechYOUTH (Еразмус+, ЕУ) | - | 1.054.251,00 |
| Грант VR Studio 2025 (МК) | - | 91.852,00 |
| Резиденција 2025 (Гете) | - | 92.859,00 |
| Од претходна година | - | 36.039,00 |
| **Расходи 2025 (ВКУПНО)** | - | **1.259.291,00** |
| **ARTechYOUTH 2025 (Еразмус+)** | | **1.054.251,00** |
| - Интелектуални услуги | - | 266.207,00 |
| - Други услуги | - | 483.719,00 |
| - Патни и превозни трошоци | - | 296.815,00 |
| - Потрошени материјали | - | 1.416,00 |
| - Провизии | - | 6.094,00 |
| **VR Studio 2025** | | **91.852,00** |
| - Хонорари и даноци | - | 91.500,00 |
| - Потрошени материјали | - | 352,00 |
| **Резиденција 2025 (Гете)** | | **92.859,00** |
| - Хонорари и даноци | - | 76.971,00 |
| - Материјални трошоци | - | 10.094,00 |
| - Патни трошоци | - | 5.392,00 |
| - Провизии | - | 402,00 |
| **Други расходи** | | **20.329,00** |
| - Провизии студио | - | 4.366,00 |
| - Други материјални расходи | - | 600,00 |
| - Други услуги | - | 15.363,00 |
| **Пренесени за 2026 година (ВКУПНО)** | - | **15.710,00** |
| - За активности | - | 15.710,00 |